**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 16. 11. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5658 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 10 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***Дневно-информативни емисии***

Во текот на седмиот извештаен период (од 1 до 10 ноември 2016 година), беа анализирани десет изданија на Дневникот на ТВ Канал 5 во 18:30 часот.

Вкупното времетраење на анализираните прилози изнесува 5 часа 32 минути и 23 секунди. На информативни жанрови (извештаи, интервјуа, изјави, вести) отпаѓаат 4 часа 33 минути 54 секунди (Табела 1), а на коментари, и нивниот подвид осврт, 58 минути и 29 секунди.

Остануваат непроменети двете одлики на вестите – информации од локален карактер (од Битола, Велес, Охрид) и секојдневни интервјуа во живо. Во овој период емитувани се следниве интервјуа[1]: на 1 ноември, разговор со Климе Поповски, претседател на Агенција за супервизија на осигурување (3 минути и 21 секунда); на 2 ноември има интервју со Коце Трајановски, градоначалникот на Скопје (3 минути и 55 секунди), по повод деновите на енергетска ефикасност на Град Скопје при што тој потсетува на проектите за енергетска ефикасност (замена на прозорци, гасификација, субвенции за набавка на печки на пелети, дека заедно со Владата ќе набават 50 нови електрични автобуси), а со Костадинка Арсовска од УХМР се разговара за долгорочната временска прогноза (4 минути и 15 секунди); на 3 ноември, за превенцијата на ракот на простата кај мажите се разговара со доц. д-р Оливер Станков, директор на Клиника за урологија (4 минути и 6 секунди), а со Александар Вулески, од спелеонуркачкиот клуб Bottom Time од Охрид се зборува за пештерите на Галичица (4 минути и 8 секунди); на 4 ноември има интервју со Валентина Божиновска, директорка на Комисија за односи меѓу верските заедници, за четвртата Конференција за меѓурелигиски дијалог како одговор на заканите од фундаменталистите и тероризам (3 минути и 50 секунди); на 5 ноември со д-р Златко Арнаудовски од Клиниката за очни болести Систина, се зборува за новостите од Регионалниот офталмолошки симпозиум во Скопје (2 минути и 59 секунди), а за кампањата за безбедност во сообраќајот на СВР Охрид - со Стефан Димоски, портпарол на СВР Охрид (3 минути); на 7 ноември со д-р Лидија Петковска од Клиника за токсикологија се разговара за заштита од евентуално труење при греење на шпорети на дрва (3 минути и 33 секунди); на 8 ноември има интервју со српскиот пеач Жељко Јоксимовиќ за неговите концерти во Скопје и за вакуумот по забраната за емитување музика преку медиумите (5 минути и 39 секунди); на 9 ноември има интервју со министерот за надворешни работи Никола Попоски за осмата по ред препорака за почеток на преговори за членство во ЕУ во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија (4 минути и 12 секунди); на 10 ноември, за резултатите од претседателските избори во САД, како и за споредби со предизборната ситуација во Македонија, има интервју со амбасадорот Џес Бејли (15 минути и 12 секунди).

***<u>Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| СДСМ | 00:42:15 | 15,43 % |
| Други субјекти | 00:48:55 | 17,86 % |
| Влада на РМ | 00:53:55 | 19,68 % |
| Локална самоуправа | 00:06:58 | 2,54 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:20:19 | 7,42 % |
| Без субјекти | 00:06:40 | 2,43 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:03 | 0,38 % |
| Судство | 00:02:31 | 0,92 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:42:04 | 15,36 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:26:16 | 9,59 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:07:57 | 2,90 % |
| Граѓански сектор | 00:04:37 | 1,69 % |
| Претседател на РМ | 00:01:32 | 0,56 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:50 | 0,30 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:48 | 1,02 % |

[1] Согласно Методологијата за мониторинг, интервјуата со личности од сферата на спортот не се опфатени.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДИК и други органи | 00:01:09 | 0,42 | % |
| Јавно обвинителство | 00:02:07 | 0,77 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:01:29 | 0,54 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:00:29 | 0,18 | % |
| | **Вкупно: 04:33:54** | **100** | **%** |

Најмногу време во вестите е посветено на Владата, за која се известува за редовните активности (вклучувајќи го и интервјуто со министерот за надворешни работи Никола Попоски), а има и прилози со позитивен контекст за нејзините политики, резултати, активности. Примери се: на 2 ноември „Реконструирани се фасадите на старите куќи во Штипско Ново Село", со изјави на министерката за култура (1 минута и 12 секунди); 4 ноември „Иванов се сретна со Тимоние, а ја посети и библиотеката Свети Климент Охридски" – прилог кој повеќе говори за активностите на министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, помалку за претседателот и амбасадорот од кои нема ниту изјави (2 минути и 29 секунди); на 5 ноември „Компанијата LEAR дополнително ќе ја намали невработеноста во Тетово" (2 минути и 38 секунди).

Следуваат информациите за различните субјекти кои спаѓаат во методолошката категорија *„други субјекти"*: Агенција за супервизија на осигурување, Југохром Јегуновце, НБМ, ЛЕАР, НОРМАК ИНВЕСТМЕНТ, СКМ, Сојуз на стопански комори на Македонија, Центар за вработување Скопје, Спелеонуркачки клуб Bottom Time од Охрид, Весна Стојанова Богоевска класен раководител на ССОУ Коле Неделковски, НУБ Свети Климент Охридски Битола, психолог, Златко Костов активист за заштита на животни од Кочани, Агенција за недвижности, Жељко Јоксимовиќ, Игор Џамбазов и Игор Дурловски директор на МОБ, Локо Транс итн.

При известувањето за политичките партии, нагласок е ставен на подготовките за избори на СДСМ и ВМРО ДПМНЕ. Освен прилозите со неутрално информирање за активностите на двете партии, при известувањето за ВМРО ДПМНЕ медиумот подготвува осврти со позитивна рамка за активности или проекти најавени неколку дена претходно, а за СДСМ, освен коментари со неутрален, има и коментари со негативен тон и рамка (опишано подолу во извештајов). Освен за овие две, се јавуваат информации за уште четири партии, но со мал обем: ДУИ, ПЦЕР, ДПА и Обединети демократски сили на Ромите.

Наредни се амбасадорите, странските политичари, меѓународните организации и институции со тоа што овде се вбројува и интервјуто со амбасадорот Џес Бејли.

Временско присуство поголемо од 10 минути имаат и субјектите кои влегуваат во методолошката категорија *„органи на државната управа/јавни претпријатија"*.

Публиката најмногу имала можност изворно да ги чуе изјавите на претставници на СДСМ, зад кои, едно по друго се *„другите субјекти"* и Владата, па категоријата *„амбасадори/меѓународни организации/странски политичари"*, претставниците на ВМРО ДПМНЕ и *„органи на државната управа/јавни претпријатија"* (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:25:33 | 16,54 | % |
| СДСМ | 00:30:50 | 19,96 | % |
| Влада на РМ | 00:25:14 | 16,34 | % |
| Локална самоуправа | 00:04:33 | 2,95 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:14:29 | 9,38 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:22:00 | 14,24 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:15 | 2,75 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:21:57 | 14,21 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:06 | 1,36 | % |
| Претседател на РМ | 00:00:25 | 0,27 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:32 | 0,99 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:14 | 0,15 | % |
| ПЦЕР - Партија за целосна еманципација на Ромите | 00:00:36 | 0,39 | % |
| Обединети демократски сили на Ромите | 00:00:43 | 0,46 | % |
| | **Вкупно: 02:34:27** | **100** | **%** |

Во поглед на прилозите со аналитички жанрови, на 1 ноември, во освртот „Докторите ја поздравија најавата на Груевски од програмата на ВМРО ДПМНЕ за нови апарати" (4 минути и 38 секунди) Телевизијата се навраќа на мерките во сферата на здравството, ветени претходниот ден од лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, пренесувајќи ги позитивните ставови на: д-р Александар Чапаровски директор на Клиника за неврологија, д-р Виктор Камиловски, Клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски", д-р Аспазија Софијанова, директорка на Клиника за детски болести, д-р Тања Баевска Вучковиќ директорка на Здравствен дом Скопје, д-р Љубен Арнаудов, директор на Општа болница Охрид.

Истиот ден, се емитува коментарот „И Ахмети ги користи истите ветувања на Заев за двојазичност на територијата на цела држава" (2 минути и 42 секунди), со негативна рамка за СДСМ и ДУИ. Во најавата се вели: „Заев и Ахмети, преку лицитирање со највисоките државни интереси се борат за албанските гласачи. Вчера Ахмети, пред подмладокот на ДУИ најави двојазичност на целата територија на земјата, паралелни институции и траен мандат на СЈО - истото она што во неколку наврати го промовираше и лидерот на СДСМ Зоран Заев". Во прилогот се оценува дека има „жестоко ривалство" меѓу СДСМ и ДУИ, се емитува изјавата на Али Ахмети дека СДСМ нема право да ги бара гласовите на Албанците, на што е сопоставена изјава на Зоран Заев оти нема да го коментира тоа што го кажал Ахмети, односно тој и власта да ја тераат својата агенда. Потоа се наведува дека ДУИ ветува поголеми права и целосна еднаквост; се емитува делот од интервјуто на Заев дадено пред некој месец за Нова ТВ, во кое тој зборува за употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија, за која се вели дека предизвикала „лавина реакции", потоа се пренесува став на СДСМ дека двојазичноста е „спин на власта, а прашањето на употреба на јазиците - регулирано со Уставот и Законот, донесен од владејачките партии". Прилогот завршува со тоа дека ДУИ и СДСМ ги „кршат копјата" за тоа која има право на гласовите на Албанците, а од ВМРО ДПМНЕ најавиле дека „очекуваат 63 пратеници за да формираат стабилна влада која ќе ги брани националните интереси на македонскиот народ".

На 2 ноември има уште еден осврт „Директорите на здравствените домови задоволни од проектот на ВМРО ДПМНЕ" (5 минути и 23 секунди), уште еднаш се потсетува на ветените мерки во здравството, најавени пред два дена од Никола Груевски, преку позитивните ставови на д-р Атанас Василев, директор на Општа болница Велес, д-р Јордан Ангелевски, директор на Општа болница Кавадарци, д-р Васил Најдовски, директор на Клинички центар Битола, д-р Оливер Зафировски директор на Институт за белодробни заболувања Козле, д-р Андон Чибишев и д-р Јасминка Чабуковска, директорка на Клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски". По овој, се емитува издвоен прилог „Шилегов: Ќе нема нова опрема во здравствените домови" (1 минута и 31 секунда) за реакцијата на СДСМ и прилог за контрареакцијата „ВМРО ДПМНЕ: СДСМ под полна пареа ги стави фабриките за афери и лаги" (1 минута 12 секунди).

Потаму во вестите во „Познати носителите на листите - дали Заев ќе се кандидира во шестка?" (2 минути и 30 секунди) се прави осврт на составот на кандидатските листи за пратеници. Се наведува дека ДИК информирала оти е пристигната една листа од независен кандидат. Потоа се потсетува дека ДПА ги објави кандидатите, ДУИ молчи, од СДСМ најавуваат дека ќе ги објават на Конгресот на 6 ноември и оти има резервирани места за независни кандидати, во ВМРО ДПМНЕ дека работат на нив и чекаат да видат каде ќе биде позициониран Зоран Заев.

Следува коментарот „Дали улогата на ФБИ е иста како и на СЈО?“ (1 минута и 37 секунди) со негативна рамка за СЈО. Во најавата за прилогот се вели: „Да направиме една куса паралела помеѓу американските избори и изборите што допрва нас нè очекуваат. ФБИ ја уништи кампањата на Хилари Клинтон со поведувањето истрага за мејловите. Дали и кај нас Специјалното обвинителство работи со намера да ја урне убедливата предност на ВМРО ДПМНЕ пред СДСМ?“. Во прилогот најпрвин се опишува ситуацијата во САД, а потоа се вели „аналитичарите во земјава сметаат дека настаните во САД сосема се идентични со она што Специјалното јавно обвинителство го работи во Македонија. Со својата работа, свесно или не, заземаат политичка страна и помагаат една политичка опција, оценуваат политичките аналитичари“. Притоа, не се идентификува за кои аналитичари станува збор.

На 3 ноември има сосема кус коментар од водителот од студиото „Евростат го демантира Тевдовски“ (12 секунди) позиционирано зад изјавата на Драган Тевдовски од СДСМ дека долгот е трипати поголем од оној во 2008 година, и гласи: „Евростат го демантира Тевдовски. Согласно Евростат, македонскиот државен долг е меѓу најниските во Европа, двојно е помал од европскиот просек, а во регионот само Бугарија има помал долг од Македонија“.

На 4 ноември се емитува осврт со два телопи/наслови „Експерти: криминална конструкција од структурите на МВР како во најцрните времиња“ и „ВМРО ДПМНЕ: Случајот со Диме Спасов е класична криминално политичка местенка“ (4 минути и 12 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Прилогот тргнува од моментот на поводот за реактуализација на темата – реакциите на партиите и експертите по интервјуто на дополнителниот заменик - министер за труд и социјална политика Диме Спасов, дадено претходниот ден за ТВ Нова. Се пренесува ставот на ВМРО ДПМНЕ дека станува збор за криминално политичка местенка и изјавата во која се бара оставка од техничкиот министер за внатрешни работи Оливер Спасовски. Потоа се наведува дека аналитичарите велат оти по ова се наметнува прашањето кого следи полициското криминално подземје на СДСМ и кој ќе биде следната жртва што ќе ја одберат и се емитуваат изјавите на двајца политички аналитичари: на Никола Србов (вакви местенки имало во најмрачниот период од службите за државна безбедност на Југославија и Македонија, прашање е кој друг е следен, Мијалков, т.е. неговиот дом бил следен, Крпач - кој бил под силен притисок на СЈО и на Алфите - се самоубил) и на Александар Пандов (сега сите треба да се плашиме и да внимаваме кој ќе биде следниот човек кој ќе биде следен и апсен зашто не ја застапува политиката на СДСМ и Оливер Спасовски). Се потсетува дека претходниот ден МВР поднела 3 прекршочни пријави против Спасов и се емитува дел од изјавата на министерот Оливер Спасовски. На крајот се пренесува дека по интервјуто опозициската СДСМ реагирала оти Диме Спасов не дал одговор на голем број клучни прашања и оти бараат да се извини и да поднесе оставка, а од ВМРО ДПМНЕ бараат оставка од Оливер Спасовски.

На 5 октомври се емитува осврт „Докторите ги поздравуваат мерките на ВМРО ДПМНЕ за унапредување на здравството“ (5 минути и 40 секунди) со позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ. Во него се потсетува на ветувањата за инвестиции во здравството, дадени од лидерот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски претходниот ден, и се емитуваат делови од неговото обраќање, а потоа следуваат позитивните ставови на директорката на Клиниката за пулмологија проф. д-р. Бисерка Јовковска Ќаева, проф. д-р. Билјана Теофилова, директорката на Клиниката за кардиохирургија, Ѕвонко Миленковиќ, директор на Клиника за инфективни болести и Василие Најдовски директор на Клиничка болница Битола.

Подолу во вестите се емитува коментарот „Мицотакис ги предлага македонските мерки за Грција да се крене на листата на DOING BUSINESS“ (3 минути и 7 секунди) во кои се прави споредба меѓу Грција и Македонија, односно се наведува дека лидерот на опозицијата Мицотакис најавил дека кога ќе стане премиер ќе ја подобри економската клима во земјата така што ќе преземе исти мерки како оние што ги презентирал Џери Наумоф министер за странски инвестиции во Владата на РМ. Во прилогот се потсетува на рејтингот на Македонија во Извештајот „Дуинг бизнис“ и на тоа дека претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски рекол оти тоа е одлична препорака за инвеститорите од светот да дојдат во Македонија.

Истиот ден има уште едно навраќање на случајот со дополнителниот заменик-министер Диме Спасов во коментарот со негативен тон и рамка за СДСМ и МВР „Експерти: Дали СДСМ располага со

партиска полиција за да се пресметува со ВМРО ДПМНЕ“ (4 минути и 28 секунди). Во најавата од студиото се вели дека политичките аналитичари се прашуваат дали СДСМ располага со партиска полиција за да се пресметува со ВМРО ДПМНЕ „по објавувањето на видеото од кое се гледа како врз заменик-министерот Диме Спасов, брутално се изживуваат припадници на Алфите, откако го гонат криминалци со дебели полициски досиеја“. Се пренесува и емитува изјава на Илија Димовски од ВМРО ДПМНЕ кој вели дека во градови во Македонија структурите на министерот Спасовски соработувале со лица со криминално досие за политички активности и поддршка на СДСМ и изјава од Влатко Ѓорчев, во која бара оставка од Спасовски и од командантот на Алфите. Потоа во прилогот се пренесува дел од колумната на Дарко Јаневски, главниот и одговорен уредник на Дневник, со наслов „Местенка“ во која се вели „ако нешто може да се заклучи од случајот со Диме Спасов е дека во наредниот период треба да се чувате од вакви местенки. Не знаете кога некој може да ви инсценира инцидент во продавница, на семафор, на натпревар“, и дека „целата шема не би се случила да немало две министерства за внатрешни работи, две обвинителства и трка за двојни судови – оние регуларните и оние што ќе ги исполнувале желбите на странците преку СЈО, како и што впрочем имало две, а можеби и три влади“. Следува изјава на Никола Србов, аналитичар (кампањата на СДСМ ја водат полициски структури и дел од нив се до Зоран Заев на протестите на партијата, не би го изненадило СДСМ да ја злоупотреби полицијата и на денот на изборите за врз нив да се фрли дамка поради сè поизвесниот пораз и се повторува делот објавен претходниот ден). Прилогот завршува со тоа дека МВР поднела 3 прекршочни пријави против Диме Спасов. Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски излезе со тврдења дека на снимките се гледало дека никој не го брка Спасов и не му се заканува.

Кон крајот од изданието на вестите од 5 ноември се пренесува тврдење од напис во весникот „Дневник: Јанева е член на СДСМ од 2004-та, од партијата демантираат“ (47 секунди) при што се информира дека весникот дошол до таква членска книшка, побарал одговор, но не добил ниту од СДСМ ниту од Јанева, по што се пренесува демантот од СДСМ дека обвинителката никогаш не била членка на оваа партија.

На 6 ноември во вестите се емитува коментарот „Анализа: каков е кредибилитетот на носителите на изборните листи на СДСМ (4 минути и 25 секунди) со негативен тон за СДСМ кој е најавен на следниов начин: „Каков е кредибилитетот на истрошените кадри на СДСМ кои се најдоа на листите на партијата. Аналитичарите се прашуваат на кој начин Шеќеринска и Шилегов ќе зборуваат за социјална правда, а живеат во големо богатство. Дури и поддржувачите на СДСМ со потсмев и чудење излегоа со негативни коментари. Заев од листите целосно ги елиминира и досегашниот координатор Сугаревски како и најгласните Софија Куновска и Лидија Димова. Прилогот го содржи мислењето на аналитичарот Александар Пандов (СДСМ продолжува да го форсира Пендаровски кој народот го нарекуваше стока, Заев, поради страв побегнал од соочување со Груевски), се повторува дека најгласните досегашни пратеници не се на листите, а има шестмина претставници на „Шарената револуција“ што за Пандов е показател за отворената коалиција меѓу СДСМ и Сорос. Потоа се покажуваат скрин шотови од Фејсбук статуси на Борјан Јовановски, Светлана Јовановска, Катерина Колозова, Ивор Мицковски и други, при што се вели: „Кандидатските листи предизвикаа низа коментари на социјалните мрежи. Може да се забележи големо незадоволство од изборот на кадрите, а особено се коментира кандидатурата на универзитетскиот професор Ферид Мухиќ, токму од лица кои во јавноста важат за поддржувачи на опозициските политики“.

На 7 ноември, ТВ Канал 5 уште еднаш детално се осврнува на ветувањата за набавка на нова медицинска апаратура дадени неколку дена претходно во „ВМРО ДПМНЕ најави програма за здравството“ (3 минути и 28 секунди).

По ова следува коментарот „Аналитичарите за листите за пратеници на СДСМ“ (2 минути и 14 секунди) во кој се сопоставени различните мислења за составот и незадоволството од листите со кандидати на политичките аналитичари Владимир Божиновски и Петар Арсовски. За Арсовски незадоволството е нормално, тоа е дел од внатрешната динамика, а исходот ќе зависи од атмосферата на денот на изборите, додека за Божиновски незадоволните имаат право да се лутат бидејќи Заев ги составувал листите со луѓе кои му се лојални нему за да му ја чуваат лидерската позиција.

На 8 ноември се емитува уште еден осврт на составот на кандидатските листи на СДСМ „Заев: Нормално е да има дискусија околу изборните листи на опозицијата" (2 минути и 36 секунди) каде се пренесува изјавата на лидерот на СДСМ, а потоа новинарката се осврнува на незадоволните поранешни пратеници на СДСМ кои негодуваат околу кандидатските листи при што се пренесуваат Фејсбук статусите на Каролина Ристова Астеруд и на универзитетската професорка Мирјана Најческа кои негативно реагираат на тоа што Ферид Мухиќ се наоѓа на листата, а потоа има Фејсбук статус и на Аднан Џаферовски. Се потсетува и дека Софија Куновска „незадоволството од пратеничките листи на кои не се најде нејзиното име го изрази преку поднесување оставка за претседателското место во градската организација на СДСМ".

Следниот прилог е исто така осврт „Аналитичари: Говорот на Груевски ја отсликува реалната состојба во Македонија" (3 минути и 55 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ и позитивен тон и рамка за ВМРО ДПМНЕ преку изјавите на универзитетската професорка Тања Каракамишева (од една страна е политиката на хајки, интриги, поделби лицемерство, неработење, странски сценарија и папети кои треба да испорачаат режирани резултати за туѓи интереси, а на другата страна политиката на национални проекти што се спроведуваат, резултати, визија за иднината на државата како успешна приказна, посветеност, работливост) и на аналитичарот Александар Пандов (говорот на Груевски е можен и реален оти сѐ што најавува тој се реализира). На крајот од прилогот, се пушта дел од обраќањето на Груевски на конгресот на Унијата на жени во делот дека секој од нас треба да се праша со кого ќе му биде подобро - со ВМРО или со СДСМ?.

Нешто подолу има уште еден детален осврт на делот од програмата на ВМРО ДПМНЕ во здравството најавен неколку дена претходно „ВМРО ДПМНЕ во програмата со најава за опремување на голем број болници" (2 минути и 57 секунди).

На 10 ноември емитуван е освртот „Заев со најава за промена на Уставот за да ги привлече албанските гласови" (3 минути и 46 секунди) во кој се пренесува дел од излагањето на претседателот на СДСМ Зоран Заев при гостувањето во емисија на ТВ 21, каде зборува за употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија (свесен е оти може да изгуби гласови на Македонците на изборите со тоа што ги отвора овие теми и дека партијата оди со граѓански концепт што „кога ќе дојде потребата, прагматичен за таа работа" може да се случи промена на Уставот). Потоа се емитуваат ставови на аналитичари за овој настап на Заев кои се "едногласни дека целта на ваквите најави е обид за добивање што поголем дел албански гласови, па дури и за сметка на македонските". Александар Даштевски вели дека сите ќе гласаат за своите претставници, односно Албанците за ДУИ, ДПА, Беса или другите партии и дека една партија не одлучува за Уставот. Петар Арсовски вели дека СДСМ има посериозна стратегија кон албанските гласачи, дека на изборите ќе се види дали тоа ќе доведе до загуба на гласови на Македонците, дека дел од таа стратегија е притисок кон албанските партии да не коалицираат со ВМРО ДПМНЕ и оти секогаш е добро време да се отворат прашањата кои останале незатворени, а ништо нема да се реши во кампањата, туку ќе остане за идната влада. На крајот се вели дека од СДСМ во изминатиот период во неколку наврати негирале дека нивниот лидер се залага за двојазичност во целата држава и дека прашањето е решено со Уставот и законите.

## Посебни информативни емисии

### Интервјуа

На преминот меѓу 4 и 5 ноември, премиерно се емитуваше емисијата *Миленко Неделковски шоу*. На тема Изборите во САД, беше остварено интервју со аналитичарот Џулието Киеза.

Во раните утрински часови на 6 ноември се емитуваше реприза на емисијата *Во Центар со Васко Ефтов*. Тема во емисијата беше прашањето дали постои концепт, односно дали постои стратегија за свесно или целно атакување на неколку клучни институции кои се столбови или фундаменти на македонизмот во рамки на Република Македонија. Во таа насока остварени се интервјуа со Филип Петровски од Државниот архив, Алберт Муслиу политички аналитичар, Стефан Влахов Мицов историчар и Катица Ќулавкова академик.

Истиот ден, на 6 ноември, во терминот по завршување на централните вести на Канал 5, премиерно се емитуваше *Во Центар со Васко Ефтов*. Темата според која беше поставена емисијата беше црниот интернет или оној интернет каде се одвиваат сите криминални активности во светот. Интервјуа со Александар Митовски аналитичар и Аристотел Тентов професор на ФЕИТ.

## Други програми

На 1 ноември, во утринското издание *Здраво Македонијо*, гледачите имаа можност уште еднаш да бидат информирани за новите инвестиции кој ги најави лидерот на ВМРО ДПМНЕ, Никола Груевски, од 33 милиони евра. Беа презентирани податоци за планираните инвестиции за секој град и болница посебно. Од таму темата која произлезе за гледачите гласеше – „Какво ни е здравството? Колку ќе помогнат новите најавени инвестиции?"

Утрото на 2 ноември, тема за телефонски јавувања на гледачите во емисијата *Здраво Македонијо* беше избирачкиот список според кој има 1.783.215 гласачи или 3.087 повеќе во однос на бројот на гласачи во 2014 година. Прашањето беше: „Што се случи со фантомите?"

Во емисијата *Здраво Македонијо*, емитувана на 3 ноември, гледачите можеа да ги изнесат своите ставови и мислења на втората поставена тема – „Дали на изборите во декември граѓаните ќе гласаат за името на партијата или нивната програма?"

Во наредното издание на *Здраво Македонијо* од 4 ноември се разговараше на повеќе теми. Првата беше информацијата дека над 300 набљудувачи и 14 експерти на ОБСЕ/ОДИХР ќе ги следат изборите во декември: „Дали со тоа се елиминираат сите сомневања за можни злоупотреби на 11 декември?" Покрај оваа тема, гледачите телефонски дебатираа и за темите од претходните денови: „Какво ни е здравството? Колку ќе помогнат новите најавени инвестиции? Избирачкиот список има 1.783.215 гласачи или 3.087 повеќе во однос на бројот на гласачи во 2014 година. Што се случи со фантомите?"

На 7 ноември, на гледачите им беше најавено дека СДСМ ги објави пратеничките листи за изборите на 11-декември, се чека на ВМРО ДПМНЕ. Публиката можеше да се произнесе за прашањето: „Дали ова ќе бидат резултатски најнеизвесните избори до сега?"

Уште една политички актуелна тема во емисијата *Здраво Македонијо* имаше на 8 ноември: „Дијаспората ќе гласа откако постигна потребен консензус за свои претставници. Колку е важно нивното присуство во Собранието на РМ?"

Во средата, 9 ноември, темата за телефонски јавувања на гледачите во емисијата *Здраво Македонијо* беше поврзана со изборите во САД. Беше поставено прашањето – „Што ќе се смени во односите кон Македонија доколку победи Клинтон или Трамп?"

На 10 ноември, гледачите на *Здраво Македонијо,* можеа да ги искажат своите ставови на темата: „Македонија го доби новиот извештај од ЕУ за напредокот на земјава. Препораката останува. Дали фер и демократски избори во декември ќе ја приближат Македонија до членство во Унијата?“

Утринските емисии *Здраво Македонијо,* имаат редовен репризен термин – следниот ден по полноќ.

На 1 ноември, рано наутро беше емитувана реприза на емисијата *Бразди.* Во рубриката *Агровести,* земјоделците беа информирани дека имаат дополнителен рок за субвенции за нови лозови и овошни насади. Лозарите и овоштарите ќе можат електронски да аплицираат за финансирање за нови насади подигнати на 1 јануари до 30 септември. Субвенциите се од 50% до 75% во зависност од возраста на земјоделецот и местото каде се наоѓаат насадите. Потоа беа известени дека останува уште еден ден за искористување на можноста за поднесување барање за субвенции за земјоделски површини од 10 до 50 хектари. Во емисијата Бразди, беше емитуван посебен прилог посветен на пелетите за греење. Новинарот беше во посета на фабрика за производство на македонски пелети и имаше интервју со Игор Митев од Виница за тоа од што се произведуваат пелетите и кои се предностите од нивната употреба доколку домаќинствата се одлучат да се греат со пелети.

**Член 75-б од Изборниот законик**

Известувањето за активностите на власта на Канал 5, во периодот од 1 до 10 ноември се состои од прилози за редовни активности, неколку прилози со позитивен контекст (опишано погоре во извештајов) и следниве прилози во кои се поврзува власта со политички субјект:

***Дневник во 18:30 часот 1.11.2016***

19:04:05 – 19:06:34 „Еден милион евра за набавка на апарати за клиниката за инфективни болести“ – Никола Тодоров од позиција на министер за здравство зборува за важноста на набавката на нова опрема, предизборно ветување дадено од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со што се поврзува власт и партија.

***Дневник во 18:30 часот 2.11.2016***

19:00:25 – 19:01:49 „Тодоров: Кавадаречката болница ќе добие најсовремена опрема“ – Никола Тодоров од позиција на министер за здравство зборува за набавката на нова опрема, предизборно ветување дадено од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, со што се поврзува власт и партија.

***Дневник во 18:30 часот 7.11.2016***

19:11:31 – 19:12:23 „Тодоров: темелна реконструкција на Битолската болница“ - Никола Тодоров, од позиција на министер за здравство зборува за ветените инвестиции во болницата во Битола.

***Сектор за програмски работи***